Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-136/1
29-01-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-751/1 од 20.10.2023 година, поднесена од лицето [redacted] од Куманово, со адреса на живеење во [redacted] за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи, од страна на [redacted] на Управен одбор при ЈП Чистота и зеленило – Куманово, [redacted] и [redacted] ја ЈП Чистота и зеленило, г-дин [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-751/1 од 30.10.2023 година, поднесена од [redacted] од с, Табановце, ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.

## О б р а з л о ж е н и е

На 30.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] од с. Табановце, за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи, од страна на [redacted] на Управен одбор при ЈП Чистота и зеленило – Куманово, [redacted] и против [redacted] на ЈП Чистота и зеленило – Куманово, [redacted]

Според наводите во претставката и доуредувањето на истата се констатира дека подносителот е вработен во ЈП Чистота и зеленило - Куманово, а претставката ја поднесува поради ставање вон сила на Одлука бр. 02/656/3 од 23.06.2022 година, за линеарно зголемување на платата на вработените во ЈП Чистота и зеленило – Куманово и од причина што на подносителот и на други вработени им се намалува износот на личниот доход, додека пак на други вработени во претпријатието личниот доход им се зголемувал.

Од изнесеното во претставката, Комисијата утврди дека нема надлежност за постапување по конкретното прашање согласно нејзините утврдени надлежности со член 21 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација. Имено, со оглед дека подносителот на претставката укажува на можно непочитување и непостапување согласно Закон за работни односи и колективните договори, Комисијата го упатува подносителот за истото да го извести надлежниот Државен инспекторат за труд и да побара и оствари заштита на своите права.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Врз основа на сето изнесено, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
26.01.01.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД